Врз основа на член 383 став 3, член 395 став 4 и член 407 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година** на својата седница одржана на **09.05.2016 година,** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за избор на Претседавач, определување на начин на броење на гласови и определување на записничар за работата на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година**

1. За Претседавач на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година, кое се одржува на ден 09.05.2016 година, се именува **Г-га Татјана Димов.**
2. Претседавачот на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година ги има правата и обврските согласно Законот за трговските друштва и другите позитивни прописи, како и Статутот на Друштвото, Мандатот на Претседавачот трае до изборот на претседавач на наредното собрание кое треба да биде одржано.
3. Броењето на гласови по точките од дневниот ред утврден со Јавниот повик за свикување на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година ќе се остварува преку посебен инфотматички систем од страна на Секторот за информатичка технологија на Друштвото.
4. Записникот за работа на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година ќе го води **Нотар Мери Весова**.
5. Записникот за работата на Собранието, во текст и содржина предвидени во Законот за трговските друштва, треба да се изготви во рок од 3 (три) дена од денот на од денот на неговото одржување.
6. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
7. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

________________________

**Татјана Димов**

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk